T-38	7615474	4614132
T-39	7615378	4614230
T-40	7615456	4614225
T-41	7615410	4615065
T-42	7615715	4615355
T-43	7615200	4615520
T-44	7615490	4616070
T-45	7616110	4616308
T-46	7616030	4616450
T-47	7616300	4616845
T-48	7616080	4616720
T-49	7615800	4616465
T-50	7615150	4616165
T-51	7614960	4615880
T-52	7614470	4616415
T-53	7614570	4616735
T-54	7614350	4616495
T-55	7614110	4616600
T-56	7614400	4616200
T-57	7614700	4615535
T-58	7614323	4615295
T-59	7614650	4614980
T-60	7614710	4614650

2. Површината на просторот на проширувањето на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P=3,529915 km2.

3. Времетраењето за проширувањето на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука е до 30.4.2031 година.

4. Висината на надоместокот за проширувањето на концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар на локалитетот "Бучим", општина Радовиш бр.24-8211/1 од 10.10.2007 година и Анекс на Договорот бр.24-1601/1 од 16.2.2010 година (во понатамошниот текст: анекс на Договорот) во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за проширувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со анекс на Договорот.

6. Како почеток на важење на проширувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишувањето на анекс на Договорот.

7. Во име на Владата на Република Македонија, анексот на Договорот ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-6309/1
7 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

4781.

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014 и 116/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.10.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТ „МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН" ВО ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна високообразовна установа Универзитет „Меѓународен универзитет Визион" во Гостивар, на ул. „Мајор Чеде Филиповски"-бр.1.

Член 2

Одобрението од член 1 на оваа одлука се дава врз основа на поднесеното барање од основачот Фондација за наука, култура и уметност „Шар-Вардар" со ЕДБС 6936415, со седиште во Гостивар на ул.„Мајор Чеде Филиповски"-бр.1.

Член 3

Во приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука се врши високообразовна дејност согласно Законот за високото образование.

Член 4

Во состав на приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука ќе бидат пет факултети со по една студиска програма од прв и втор циклус на студии, и тоа: Факултет за информатика, Правен факултет, Економски факултет, Архитектонски факултет и Факултет за општествени науки.

Член 5

Потребниот наставен кадар кој ќе изведува настава во приватната високообразовна установа од член 1 од оваа, ќе биде согласно стандардите и нормативите за вршење на дејноста.

Член 6

Потребната опрема за опремување на приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука, ќе биде согласно стандардите и нормативите за вршење на дејноста.

Член 7

Приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука, ќе биде сместена во објект во Гостивар, на ул. „Мајор Чеде Филиповски" бр.1, со вкупна површина од 7285 m2, од кои 2209 m2 опфаќа дворна површина.

Член 8

Бројот на студенти кои се запишуваат во приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука е определен со решението за акредитација на високообразовната установа.

Член 9

На факултетите од член 4 од оваа одлука се реализираат студиски програми, и тоа:

- Факултет за информатика со студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии (240 ЕКТС) по Информатика и студиската програма од втор циклус на едногодишни студии (60 ЕКТС) по Информатика,
- Правен факултет со студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии (240 ЕКТС) по Правни науки и студиската програма од втор циклус на едноиполгодишни студии (90 ЕКТС) по Меѓународно право,
- Економски факултет со студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии (240 ЕКТС) по Економија и студиската програма од втор циклус на едногодишни студии (60 ЕКТС) по МБА Менаџмент,
- Архитектонски факултет со студиската програма од прв циклус на тригодишни студии (180 ЕКТС) по Архитектура и дизајн и студиската програма од втор циклус на двегодишни студии (120 ЕКТС) по Архитектура и дизајн и
- Факултет за општествени науки со студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии (240 ЕКТС) по Психолошко советување и студиската програма од втор циклус на едногодишни студии (60 ЕКТС) по Психолошко советување и усмерување.

Член 10

Наставата во приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука, е на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на турски јазик и неговото писмо и на англиски јазик и неговото писмо, согласно Законот за високото образование.

Член 11

Приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука, ќе отпочне со работа по добивањето на решението за почеток со работа на високообразовната установа од министерот за образование и наука и уписот во регистарот на високообразовните установи и во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 12

Средствата за основање и работа на приватната високообразовна установа од член 1 од оваа одлука ги обезбедува основачот.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6429/1
7 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4782.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13 и 44/14) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.10.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА–ТРАВЕРТИН НА ДРУШТВОТО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ТРАНСПОРТ И ТРГОВИЈА ТРАНСМЕТ ДОО СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КАМЕНО БРДО“ С. КУЧКОВО, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - травертин на локалитетот „Камено Брдо“ с. Кучково, општина Ѓорче Петров на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина бр. 41-7468/1 од 22.10.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13).

2. Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје достави понуда со број 00000069 на 08.08.2014 година.

3. Од сите понудувачи на Јавниот повик, Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - травертин на локалитетот “Камено Брдо“ с. Кучково, општина Ѓорче Петров, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7.527.000,00	4.656.000,00
2	7.527.650,00	4.656.000,00
3	7.527.650,00	4.655.300,00
4	7.527.000,00	4.655.300,00

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,455000 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 110.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.